МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 66 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РИБИ, КАКО И ЗА КОЛИЧИНАТА ПРОДАДЕНА РИБА ПО ВИДОВИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за производство на риби, како и за количината продадена риба по видови.

## Член 2

Евиденцијата за производство на риби, како и за количината продадена риба по видови се води во форма на книга во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

На горниот дел на првата страна на книгата стои натпис "Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство". На средината на првата страна на книгата стои натпис "Евиденција за производство на риба", а долниот дел на првата страна Сериски број " Натписите се со црна боја.

На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број за евиденција;

- година за која се однесува евиденцијата;

- име и презиме на физичкото/назив на правното лице кое ја води евиденцијата;

- комерцијално производство на топловодни и ладноводни видови на риба, односно податоци за произведени количини на риба во килограми посебно за секој вид и возраст на рибите, податоците за продадената и непродадената конзумна риба. Под произведено количество на риби се смета вкупнато непродадено производство (подмладок и конзум) на риби која се наоѓа во рибникот (недовршено производство) и продаденото количество на риба за периодот на известувањето. Ако некоја од одгледаните видови на риба не е посебно наведена во евиденцијата, таа се внесува посебно во една од празните рубрики;

- производство на репродуктивен материјал по однос на вид, пол број и вкупна тежина;

- вкупна површина на рибникот со податок за видови на инсталации за топловодниот рибник во хектари, ладноводниот рибник во m2 или капацитетот на кафезот во m3 и производната површина на рибникот;

- потрошувачка на на одделни видови храна во килограми рибникот;

- потрошената количина на ѓубрива, средства за дезинфекција и друго во килограми;

- место и дата на поплнување на евиденцијата;

- своерачен потпис на сопственикот на дозволата.

**Член 3**

Евиденција за производство на риба се води во пишана, а може да се води и во електронска форма.

**Член 4**

Одгледувачот на риба треба редовно да води точна евиденција за производство на риби.

Податоците за производството на риба во евиденциските листови ги впишува одгледувачот или лице овластено од него.

**Член 5**

Формата и содржината за водење на евиденцијата за производство на риби, како и за количината продадена риба по видови е дадена во прилог и составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08 – 2625/3
20 февруари 2008 година
Скопје

Министер за земјоделство шумарство
и водостопанство,
Ацо Спасеноски, с.р.

Прилог

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РИБА

Сериски број: _____

| Реден број | од 1 јануари до 31 декември 20____ година | |
|---|---|---|
| ИМЕ / НАЗИВ<br>НА ОДГЛЕДУВАЧОТ НА РИБИ | | СЕРИСКИ БРОЈ НА<br>ДОЗВОЛАТА |

## 1. ПРОИЗВОДСТВО НА РИБИ

### 1.1. Комерцијално производство на topловодни видови на риба

| Реден број | ВИД НА РИБА | 1-годишен подмладок | 2-годишен подмладок | Непродадена консумна | Продадена консумна |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *(во килограми)* | | | |
| 1. | Крап | | | | |
| 2. | Толстолобик | | | | |
| 3. | Амур | | | | |
| 4. | Карас | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| | ВКУПНО (кг.) | | | | |
| | ЗАГУБИ (%) | | | | |

### 1.2. Комерцијално производство на ладноводни видови на риба

| Реден број | ВИД НА РИБА | Подмладок | | Непродадена консумна | Продадена консумна |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Парчиња | Килограми | Килограми | |
| 1. | Калифорниска пастрмка | | | | |
| 2. | Поточна пастрмка | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| | ВКУПНО (кг.) | | | | |
| | ЗАГУБИ (%) | | | | |

### 1.3. Производство на репродуктивен материјал

| Реден број | ВИД НА РИБА | Женски единки | | Машки единки | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Парчиња | Килограми | Парчиња | Килограми |
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

ПОВРШИНА НА РИБНИКОТ

1.4. Вкупна површина на: топловоден рибник: _______________ хектари
ладноводен рибник: _______________ $m^2$
кафези _______________ $m^3$

1.5. Производна површина на рибникот

| Реден број | Вид на инсталации | Производна површина | |
|---|---|---|---|
| | | топловоден рибник (ha) | ладноводен рибник/ кафез ($m^2$ $m^3$) |
| 1. | Матичници | | |
| 2. | Мрестилишта | | |
| 3. | Растилишта | | |
| 4. | Инсталации за јувенилни риби | | |
| 5. | Зимувалишта | | |
| 6. | Одгледувалишта за конзумна риба | | |
| | ВКУПНА ПОВРШИНА | | |

2. ХРАНА

2.1. Потрошувачка на храна во рибникот

| Реден број | ВИД НА ХРАНА | Количина (килограми) |
|---|---|---|
| 1. | Пченка | |
| 2. | Пченица | |
| 3. | `Рж | |
| 4. | Јачмен | |
| 5. | Плодови од мешункасти растенија | |
| 6. | Крмна смеска | |
| 7. | Концентрирани крмива – пелетирана храна | |
| 8. | Лекови, различни додатоци и витамини | |
| 9. | Друго | |
| | ВКУПНА ПОТРОШУВАЧКА (кг.) | |

3. ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ДРУГО

3.1. Потрошувачка на ѓубрива, средства за дезинфекција и други средства во рибникот

| Реден број | ВИД | Количина (килограми) |
|---|---|---|
| 1. | Вештачки ѓубрива – мешани – комплексни ѓубрива | |
| 2. | Азотни ѓубрива | |
| 3. | Фосфатни ѓубрива | |
| 4. | Арско ѓубре | |
| 5. | Средства за дезинфекција | |
| 6. | Друго | |
| | ВКУПНА ПОТРОШУВАЧКА (кг.) | |

_______________________ _______________________

**(место и дата)** **(своерачен потпис на сопственикот на дозволата)**